## КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИЈА ,,СЕГА,,

==============================================================

# ЗАПИСНИК ОД ОДДРЖАНИОТ СОСТАНОК НА УО НА КОАЛИЦИЈА „СЕГА“

Состанокот на УО на коалиција „СЕГА“ се одржа во хотел Славија Спектар на 18.08.2009 година со почеток во 12.00 часот.

На состанокот се работеше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Усвојување на записник од состанокот одржан на 07.08.2009 година
2. Избор на Извршен Директор на Коалиција ,,СЕГА,,
3. Донесување на Декларација за користење на алкохол, цигари и дрога на работно место
4. Разно

На состанокот присуствуваа Димче Каневче, Кире Андонов, Александар Јовановски, Љупчо Велковски и Зоран Илиевски.

Записникот од состанокот одржан на 07.08.2009 година беше едногласно усвоен.

По **втората точка**, Кире Андонов постави прашање што ќе се случи доколку на конкурсот не се пријави ниту еден кандидат, а Димче Каневче предложи дека е потребно да се размисли и да се разговара околу бројот на мандати на одредена функција во коалицијата.
И за двете прашања, беше договорено да се разговара во точка разно или пак да се дискутира на некој од следните состаноци на УО.

Димче Каневче по втората точка ја претстави кандидатурата на Зоран Илиески за Извршен Директор, беше разгледана апликацијата и мотивационото писмо и единствениот кандидат беше едногласно избран за Извршен Директор.

По **третата точка**, беше разгледана предлог Декларацијата за користење на алкохол, цигари и дрога на работно место, според насоките кои беа дадени на претходниот состанок, и истата беше изгласана со напомена да се остави на честа на поединците во однос на почитувањето на документот.

Во точка разно се дискутираше за функционирањето на регионалните канцеларии, како и за статутот на коалиција СЕГА, по претходната сугестија на Елизабета Марковска Спасеновска, дека треба да се менуваат одредени членови. Во однос на Регионалните канцеларии се споменаа канцелариите кои се нефункционални, но за ова прашање како и за другите се одлучи да се направи нов дневен ред и да се организира друг состанок.

**Охрид, 18.08.2009** **Димче Каневче**
**Претседавач на УО на СЕГА**